# КРАТКА ИСТОРИЈА



ОПШТИНА БИТОЛА

# КРАТКА ИСТОРИЈА

ГИГАРТ Битола



Ако сакаш да се запознаеш со првите луѓе кои живееле во близина на нашиот град, треба да се вратиме 7500 години во минатото и да одиме до Велушка Тумба и Тумба Бара во близина на селото Породин.



Ако од север те штити Баба Планина, а од југ го слушаш жуборот на малата река Сива Вода, ти се наоѓаш во античкиот град Хераклеја Линкестис кој бил изграден од Филип, таткото на Александар Македонски.



Пред илјада години на еден од блиските ридови, царот Самуил изградил тврдина која ги штитела населението и богатите царски дворци.



Постои легенда дека градот го добил името по извиците на луѓето кои го бодреле Тољо во битката со Османлиите, викајќи „Би Тољо, би Тољо!!!“



Често ќе слушнете како луѓето нашиот град го викаат „Манастир“.Тоа е затоа што некогаш тука имало повеќе од 70 цркви од двете страни на реката Драгор. Османлиите изградиле џамии кои и денес постојат.



Шетајќи се низ шеталиштето ќе видиш многу споменици (бисти) на јунаци – комити и партизани кои загинаа борејќи се за слободата на нашиот град, па затоа на секој 4 Ноември се сеќаваме и ја одбележуваме нивната борба за слободна Битола.




Со гордост запеј ја „Битола мој роден крај“ и подготви се да учиш во некое од дванаесетте основни училишта. Секое лето ќе можеш да уживаш во програмата на Филмскиот фестивал „Браќа Манаки“ или да посетиш некој од настаните на Бит фест. И секако на секој спортски настан навивај за „Пелистер“.

# СТАРИ ЛЕГЕНДИ ЗА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

1. Пелистер
2. Кратка историја
3. Европска Битола
4. Кино, театар, забава

www.gigart.mk

'22 БИТ ФЕСТ

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

ГИГАРТ Битола